**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 45-3746/1
Скопје, 18 јуни 2019 година

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

С К О П Ј Е

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.45-3746/1 од 18 јуни 2019 година.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
**-Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**

**ПРИЛОГ: 1**

Подготвил: д-р Стефан Волкановски
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јуни 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ ГРИН ЦЕНТАР ГИЛИ** со седиште на ул. Гоце Делчев бр.14 - Гостивар, ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди , со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Македонија.

**Образложение**

ДПТТУ ГРИН ЦЕНТАР ГИЛИ ДООЕЛ Гостивар со седиште на ул.Гоце Делчев бр.14 – Гостивар поднесе Барање бр.УП1 13-769 од 21.11.2018 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ ГРИН ЦЕНТАР ГИЛИ, со седиште на ул.Гоце Делчев бр.14 – Гостивар, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.
Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1 13-769 од 26.3.2019 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/13).
Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.
Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр. 45-3746/1**
**18 јуни 2019 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**